# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Број 7 Јуни 2019 година

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Илинден, Јуни 2019 година

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) и член 37 од Статутот на Општина Илинден ( Сл.гласник бр.15/2010 ) Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџет на Општина Илинден за 2019 година, бр.07-2418/4 од 25.12.2018година (објавена во сл.гласник на општина Илинден бр.12/2018)**

Се објавува Одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџет на Општина Илинден за 2019 година, бр.07-2418/4 од 25.12.2018година (објавена во сл.гласник на општина Илинден бр.12/2018) со арх.бр.07-1061/8 од 03.06.2019 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на 22 ( дваесет и втората) редовна седница одржана на ден 03.06.2019 година и ја потврди на 23 ( дваесет и третата) редовна седница.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Илинден.

Врз основа на член 51 став 3 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.5/2002 ) против Одлуката за дополнување на Одлуката за извршување на Буџет на Општина Илинден за 2019 година, бр.07-2418/4 од 25.12.2018година (објавена во сл.гласник на општина Илинден бр.12/2018) со арх.бр.07-1061/8 од 03.06.2019 година ќе биде покрената постапка за оценување на уставноста и законитоста на наведената Одлука.

**Арх. број 08-1260/1**
**Од 24.06.2019 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Жика Стојановски с.р**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Арх.бр. 07-1061/8
03.06.2019 год.
СКОПЈЕ

ОИ 03 - Ф 7.5/1-12

ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23, став 8 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и член 20 од Статутот на Општина Илинден ("Службен гласник на Општина Илинден бр.15/10), Советот на Општина Илинден на 22 (дваесет и втората) седница одржана на ден 29.05.2019 година, донесе:

## ОДЛУКА

за дополнување на Одлуката за извршување на Буџет на општина Илинден за 2019 година, бр. 07-2418/4 од 25.12.2018 година (објавена во сл. гласник на општина Илинден, бр.12/2018)

Член 1

Со оваа одлука се дополнува Одлуката за извршување на Буџетот на општина Илинден со број 07-2418/4 од 25.12.2018 година (објавена во сл. гласник на општина Илинден, бр.12/2018), и тоа во член 9 став (5) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите „а се исплатува најдоцна до 15-ти во тековниот месец за претходниот месец“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува по објавувањето во Службен Гласник на општина Илинден.

Архивски број:_______
Датум на донесување:29.05.2019г.

Совет на Општина Илинден
Претседател
м-р Александар Георгиевски

Република Македонија
Совет на Општина Илинден
Општина Илинден

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) и член 37 од Статутот на Општина Илинден ( Сл.гласник бр.15/2010 ) Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлука за давање на согласност на Статутарна одлука за измена на Статутот на ЈКП „ Илинден“ н.Илинден**

Се објавува Одлуката за давање на согласност на Статутарна одлука за измена на Статутот на ЈКП „ Илинден“ н.Илинден арх.бр.07-1175/4 од 17.06.2019 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на 23( дваесет и третата) редовна седница одржана на ден 17.06.2019 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх. број 08-1260/2**
**Од 24.06.2019год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 11 став 1 точка 2 од Законот за јавните претпријатија ( Сл.весник на РМ бр.39/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15), член 20 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Илинден (Сл.Гласник бр.15/2010) и член 134 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Илинден (Св.Весник 12/09) Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден ___________ година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање на согласност на Статутарна одлука за измена на Статутот на ЈКП „ Илинден“ н.Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Статутарната одлука за измена на Статутот на ЈКП „ Илинден “ н.Илинден донесена од Управниот одбор на ЈКП„Илинден“ н.Илинден со арх.бр.02-384/5 од 27.12.2018година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Александар Георгиевски**

**Архивски број:07-1175/4**
**Датум на донесување: 17.06.2019г.**

Јавно комунално претпријатие
"ИЛИНДЕН"
Бр. 02 - 384/5
27.12. 2018 год.
Населба Илинден

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 23 од Статутот на ЈКП „Илинден" н.Илинден, Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 27.12.2018 година ја донесе следната :

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

**за измена на Статутот на ЈКП „Илинден" н.Илинден**

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на Статутот на Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден бр.01-121/4 од 10.04.2009 година, со добиена согласност од Советот на Општина Илинден со Одлука за давање на согласност Арх.бр.07-1821/5 од 30.10.2009 година, Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП „Илинден" н.Илинден бр.02-2/4 од 10.01.2014 година, со добиена согласност од Советот на Општина Илинден со Одлука за давање на согласност Арх.бр.07-231/7 од 29.01.2014 година, Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП „Илинден" н.Илинден бр.02-509/4 од 13.12.2014 година, со добиена согласност од Советот на Општина Илинден со Одлука за давање на согласност Арх.бр.07-3288/7 од 29.12.2014 година и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП „Илинден" н.Илинден бр.02-364/3 од 29.09.2016 година, со добиена согласност од Советот на Општина Илинден со Одлука за давање на согласност Арх.бр.07-1973/4 од 10.10.2016 година.

Член 2

Во член 14, став 2, алинејата 11:

- "96.03 - Погребни и слични дејности"

се брише.

Член 3

Останатите одредби од Статутот бр.01-121/4 од 10.04.2009 година, Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП „Илинден" н.Илинден бр.02-2/4 од 10.01.2014 година, Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП „Илинден" н.Илинден бр.02-509/4 од 13.12.2014 година и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП „Илинден" н.Илинден бр.02-364/3 од 29.09.2016 година, остануваат непроменети.

Член 4

Пречистениот текст на Статутот на претпријатието го утврдува Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден.

Член 5

Согласност на оваа Статутарна одлука дава Советот на Општина Илинден,а истата влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Илинден".

Управен одбор на
ЈКП "Илинден" н.Илинден
Претседател
Ивана Трпуновски

## С О Д Р Ж И Н А

1. Решение за објавување на Одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџет на Општина Илинден за 2019 година, бр.07-2418/4 од 25.12.2018година (објавена во сл.гласник на општина Илинден бр.12/2018) со арх.бр.07-1061/8 од 03.06.2019 година донесено од Градоначалник на Општина Илинден бр.08-1260/1 од 24.06.2019 година
2. Одлука за дополнување на Одлуката за извршување на Буџет на Општина Илинден за 2019 година, бр.07-2418/4 од 25.12.2018година (објавена во сл.гласник на општина Илинден бр.12/2018) со арх.бр.07-1061/8 од 03.06.2019 година
3. Решение за објавување на Одлука за давање на согласност на Статутарна одлука за измена на Статутот на ЈКП „ Илинден“ н.Илинден арх.бр.07-1175/4 од 17.06.2019 година донесено од Градоначалник на Општина Илинден под бр.08-1260/2 од 24.06.2019 година
4. Одлука за давање на согласност на Статутарна одлука за измена на Статутот на ЈКП „ Илинден“ н.Илинден арх.бр.07-1175/4 од 17.06.2019 година
5. Статутарна одлука за измена на Статут на ЈКП„Илинден“ Илинден бр.02-384/5 од 27.12.2018г